УДК. 373 : 37. 014

Никола ПЕТРОВ

# ДЕНЕШНОТО УЧИЛИШТЕ И СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

Денешното училиште како воспитно-образовна институција се наоѓа пред нови реформски предизвици што настануваат како резултат на многубројните општествени, економски, демократско-плурални движења и промени, а и како резултат на историското и културно национално наследство, посебно во сферата на воспитанието и образованието.

Во современи услови на делување и валоризирање сè повеќе се јавува критиката за работењето и успешноста на денешното училиште како воспитно-образовна институција. Тоа со таков тренд се сретнува и во педагошката теорија и во педагошката практика, а и во нејзините сродни наставно-научни и студиски дисциплини што го проучуваат воспитанието и образованието од повеќе аспекти.

Интересот за проучување и истражување на воспитанието е сè поголем во доменот на педагошките науки и во другите сродни дисциплини што го проучуваат воспитанието, образованието и наставата како три есенцијални и фундаментални педагошки поими од семантичко-семиолошки и концепциски аспект. Сите овие студиски проучувања имаат за цел подлабоко суштински да се навлезе во нивната есенционалност, со цел да се пронајдат и откријат законите и законитостите што владеат во сферата на воспитанието и образованието во теоријата и практиката.

Времето во кое живееме и делуваме со сегашниве промени и предизвици не поттикнуваат на анализирање на третманот, поставеноста и ефикасноста на денешното училиште и неговото иновирање и преобразување во нов вид училиште, кое ќе го одразува времето, потребите и прогресот.

Во таа насока интересно е да се нагласат видувањата на повеќе познати теоретичари, педагози и практичари кои напоменуваат дека во денешни услови се јавува потребата од иновирање и трансформирање на денешното училиште, за што е потребно организирано и смислено делување на повеќето чинители во иновирањето и основите на едно ново современо училиште кое ќе одговара на времето и барањата на педагошката наука, како и на индивидуалните потреби, промени и барања.

Сето тоа потврдува дека денешното традиционално училиште, а во одредени средини и полудневно училиште и понатаму егзистира, но и наидува на поттешкотии и во потполност не ги задоволува современите тенденции и барања.

Меѓутоа, сознанијата во педагогијата, посебно на училишната педагогија засновани на постигнувањата, познавањата и искуствата од развиените воспитно-образовни системи, условуваат и овозможуваат друг пристап и при сето тоа, третирајќи го училиштето како воспитно-образовна институција со специфична улога и задача, во прифаќањето и едукацијата на генерациите.

Поаѓајќи од изнесените специфики, треба да се напомене дека образованието не треба да се поистовети со школувањето, иако училиштето и понатаму е значаен чинител во воведувањето, помагањето на единката-човекот за непрекинато учење, делување, прилагодување и усовршување.

Ваквиот пристап го иницира прашањето на доживотното образование и учење не само во институционална, туку и во вонинституционална смисла. Тоа пак значи дека образовно-воспитната дејност не треба да се сфати како општествена потрошувачка, туку како интегрална компонента на процесот на едукација, се разбира во творечко-креативна смисла на самиот индивидуалитет на личноста, што овој есенцијален сегмент битно влијае во задоволување на секојдневните образовни и културни потреби на самиот субјект во средината на живеењето и секојдневното делување. Во тој контекст и денешното училиште во своето трансформирање настојува да има поголема автономност во структуирањето на планско-програмската и програмско-курикуларната проекција, елаборација, операционализација и апликација, да изнаоѓа нови образовни модели на едуцирање, што ќе претставува современ тренд и придизвик на сé што е прогресивно и разговетно-развојно. Многу од досегашниве реформски зафати и промени на училиштето имаа одредени идејно-идеолошки определби и партијност, што треба да се имаат предвид, но се иницира и потребата и од внатрешна педагошка реформа на училиштето во смисла на осовременување и дидактичко макро и микрокурикуларно презентирање на воспитно-образовните содржини на еден современ и модерен начин во презентација со нова реформска модулација во самата креација.

Таквите иновации во училишни рамки настануваат како резултат и на современите техничко-технолошки, педагошко-футуролошки сознанија, трендови и законитости. Во досегашнава практика имаше определен застој во одделни развојни етапи кога училиштето недоволно ги следеше тие современи предизвици, затоа се инсистира, тоа со својата дејност и креација да ги поттикнува и развојните општествени, научни, економски и други трендови, и секогаш да има правовремен усет да ги следи секојдневните иновативни промени, потреби и барања. Тоа е посебно значајно за адекватно и благовремено делување на училиштето

во образовната и културната средина и во социо-економското милје на делување и одразување на современите предизвици на времето во кое живееме.

Постојните училишта кај нас не ги обезбедуваат стандардите и нормативите на образованието и педагогијата. Поконкретно речено, денешното училиште отстапува од духот на времето. Многу од училиштата се препуштени сами на себе, посебно во реализацијата и конкретизацијата на воспитно-образовната, советодавна и инструктивна работа, што го потврдува и последното трансформирање на Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето во Педагошки завод на Република Македонија, како орган на управата.

Изнесените сознанија потврдуваат дека денешното училиште, покрај тешкотиите и срединските разлики, настојувања и предизвици, упатуваат на трансформирање и иновирање на училиштето во современо, модерно, демократско-плурално. Со други зборови речено, денешното училиште ја менува филозофијата на своето постоење воопшто, суштината и битот на едукацијата.

Учењето добива рамки на процес на комуникација со кое може да се управува со кибернетички методи. Тоа потврдува дека учењето не е само процес на запомнување на градивото според наставниот план и програми, кое е по мерка на апстрактно учење, туку тоа сѐ повеќе станува индивидуално диференциран процес на самоактивност и самоучење што е адекватно на организациските, техничко-технолошките и кадровско-креативните можности во презентација на апсорбицијата на одреден квантум и квалитет на знаења и сознанија за објективната стварност.

Сето тоа суштествено ја менува улогата, функцијата и значењето на училиштето како воспитно-образовна институција. Оттука тоа го иницира и прашањето за создавање нова проекција на развојот во која ќе се инкорпорираат: целите и задачите на одделните видови училишта; наставните планови и програми; технологијата и организацијата на училиштето; воспитно-образовниот и кадровскиот потенцијал; стручните тимови и сл. Тоа се и есенцијалните и фундаменталните претпоставки за теориско-апликативна проекција на промените што ги иницира современото и модерно училиште во денешниве демократско-плурални односи, процеси и движења.

Наставниот план и програми се едни од суштествените документи на училиштето од кои може да се согледаат видот и профилот на неговата функција и физиономија во подготвувањето на кадровскиот потенцијал. Во таа смисла се иницира и потребата во одредени временски етапи и интервали да се вршат и одредени реформски курикуларно-програмски промени на училиштето со цел тоа да ги следи и унапредува најновите научно-технички и општествени сознанија и трендови.

Новото училиште претпоставува и поголема автономија во делувањето согласно утврдените педагошки законитости, а истовремено и помали ограничувања од државните власти и органи, со цел училиштето да креира нови образовни и едукативни модели што ќе можат успешно да ги следат современите европски и светски трендови. Впрочем тоа е и наша современа стварност и активност, каде доаѓа до израз координативното делување на стручните, научните и професионални асоцијации со оние чинители кои ја градат таканаречената надворешна поширока општествена реформа. Оттука се и барањата новото училиште да се гради по "мерка на учениците", а во новите демократско-плурални односи внатре во рамките на општествениот систем, процес и однос. Автономијата на училиштето во тој контекст добива и прерогативи на изградување креативно-творечка личност со широки знаења и сознанија за научната и општествената стварност и активност [1].

Училиштето како база за реализација и конкретизација на воспитно-образовните содржини и активности, секојдневно наидува на одредени потешкотии и критики дека е стереотипно и треба да го менува карактерот, функцијата и физиономијата. Во тој контекст демократизацијата наложува нов однос и пристап во изградувањето креативно-творечка личност, согласно можностите, потребите и хуманистичкиот пристап; програмско поврзување на предучилишното и основното образование и воспитување; воспитно делување на средината во која работи училиштето; професионално-кадровско зајакнување на едукативниот сегмент; прифаќање и апликација на модерната образовна технологија и осовременување на наставните планови и програми.

Во тој контекст се иницира и прашањето за осовременување на наставните планови и програми, ослободување на истите од непотребни баласти, од дуплирање, триплирање на воспитно-образовните содржини во воспитно-образовните подрачја и наставно-научни дисциплини, од воведување и правилна апликација не само на обврзните-задолжителните, туку и посебно внимание и респект кон изборните и факултативните дисциплини [2].

Наведените апликативно-теориски и педагошки сознанија укажуваат на тоа дека училиштето не само што го проучува минатото, туку тоа е и училиште на сегашнината, свртено футуролошки и кон училиштето на иднината, на она што ќе претставува современ и актуелен утрешен тренд. Од тие причини во иновирањето и трансформирањето треба да се почитуваат повеќе модели, како на пример: државните училишта со целодневна и полудневна настава и други алтернативни училишта, приватни и други, кои треба да го имаат

---

[1] Valentin Puževski, Osnovna škola-pojava, razvoj i perspektive, Institut za pedagogijska istraživanja, Filozofski fakultet, Zagreb, 1989, str.20.

[2] Vidi: Josip Pivac, O nekim odrerdnicima struktuiranja škole u svijetu koji se menja, во книгата на Valentin Puževski: U potrazi za suvremenom osnovnom školom, Institut za pedagogijska instraživanja, Filozofski fakultet, Zagreb, 1991

во предвид стандардот, нормативот, возраста и кадровската поставеност, опременост и законска регулатива.

Сите видови училишта не ќе можат да се задржат од повеќе причини, туку истите треба да ги задоволуваат научните, наставните, демократско-плуралните и други законитости што ги диктираат современите трендови и интенции на времето.

Од поставеноста, третманот и анализата на постојните училишта, во основното и средното образование, може да се согледа и констатира дека и покрај постигнувањата во потполност не се презентирани и дадени сите очекувани резултати во реализацијата на современите педагошко - дидактички и наставно - иновативни барања.

Во сегашниве услови на делување многу од училиштата се препуштени сами на себе во сообразувањето и реализирањето на воспитно-образовната, наставно-воспитната и советодавно-инструктивната дејност, што може да се види и со последново трансформирање на Педагошкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето во Педагошки завод на Македонија како административно-информативна и инструктивно-инспекциска дејност.

Согледувањата потврдуваат дека денешново училиште покрај потешкотиите и срединските разлики, настојува да ги следи современите предизвици, а со тоа доаѓа до сознание за трансформирање и иновирање на денешново училиште кое се наоѓа на крстопатот и бара насока за да го фати чекорот на времето во кое живееме и работиме, односно да се сообрази со предизвиците на времето и да се вклопи во иновацино-трансформационите промени.

Впрочем ваквите интенции се презентирани во повеќе теориско-истражувачки трудови, пред сé од педагошката теорија во која се презентирани и практично-педагошки сознанија. Во тој контекст се иницира потребата од елаборирање, операционализирање и конкретизирање на одредени есенцијални и фундаментални сегменти во базичното образование за кои посебно се залага и д-р Валентин Пужевски, посебно во основното образование. Во тој контекст тој истакнува дека современото основно училиште ги апострофира следниве прашања: "цивилизациско-педагошките, дидактичко-воспитните и образовни основи на иновираното современо училиште; Прилози кон методиката на почетното образование-школување, искуства од училишното секојдневие, учителот-педагогот носител на педагошкото делување и творештво, отвореноста на училиштето кон средината, новите тенденции во сферата на воспитанието и образованието и слично".[3]

Изнесените согледувања на В. Пужевски кој подолго време го проучува основното и современото училиште воопшто, укажува на фактот дека современото училиште треба да претставува животна

---

[3] Poopstojno vidi: D-r Valentin Puževski, U potrazi za suvremenom školom, Institut za pedagogijska istraživanja, Zagreb, 1992.

институција и база за реализација и контретизација на воспитно-образовните содржини кои ќе ги задоволуваат и експонираат интелектуално-сознајните, емотивните и волевите особини на личноста на партиципиентот-учесникот во воспитно-образовниот процес.

Ваквите интенции на осовременување и модернизација на училиштето со цел да може да се носи со современите иновативно-информатички потреби и барања на времето во кое живееме, пред училиштето како реформски предизвици ги поставува и следниве барања на трансформирање и иновирање:

- Надминување на традиционализмот во наставата и училиштето. Во тој контекст во овој став посебно би ги истакнале анализите и состојбите што на овој план ги презентира д-р Вл.Пољак, по однос на критиката што ја упатува на традиционалната школа и настава, на следниве пунктови:

1. Негативистички однос спрема училиштето изразен преку девизата-доле училиштето, смрт на училиштето, општество без училиште и слично;

2. Скептичен, дискутабилен и сомнителен одос спрема училиштето и неговата улога во сегашниот историски момент; и

3. Позитивен однос спрема училиштето, осносно одлучно и безрезервно определување за училиштето како општествена установа и нејзина нужност во сегашниов историски момент на науката и технолошката револуција".[4] Значи тука авторот го преферира новиот модерен стил на изградување ново училиште-рефомирано и трансформирано врз современите педагошки трендови и иновации што е потреба на совремието и иновациите.

Тоа пак значи училиштето треба да ги задоволи потребите и барањата на субјектот-ученикот - учесникот за самостојно изразување низ процесот на наставата и воннаставните и вонучилишните активности со цел за мобилна креација и автореализација на неговите творечко-креативни потреби, желби, интереси и барања што би ги задоволувало неговите севкупни креативно-развојни можности и способности;

- Во таа насока современото училиште бара рамноправен партнерски активитет и соработка на релација: училиште-ученик-родител-наставно градиво, што овој дидактички четириаголник би ги проширил и продлабочил своите иновативно-трансформациони и иновациони потреби, процеси и барања на еден модерен и современ пристап кон процесите на образованието, наставата, воспитувањето, креативноста и активниот однос и творештво на самиот субјект.

- Современото училиште бара редифинирање на целите и задачите на воспитанието, образованието и наставата.Посебно овие заложби се манифестираат во редефинирање на потсистемите на предучилишното

---

[4] Види: D-r Vladimir Poljak, Škola i učenje, "Pedagoški rad", Zagreb,1990, br.1.

и основното образование и воспитување, а и во сферата на образованието на средношколско ниво. Сето тоа претпоставува претходно определување на општествените детерминанти на системската организираност врз чија основа ќе се надоврзат научните, стручните и професионалните цели, задачи и сознанија.

- Во прилог на изнесеното, современото училиште бара и програмско поврзување на предучилишното и основното образование и воспитување со средното, вишото и високото образование и образованието на возрасните. Ваквата поврзаност условува насочување и професионално оспособување за натамошно образование, работа и перманентно образование и учење.

- Перманентните промени што настануваат во секојдневниот живот кои ги иницира научно-техничката и технолошка револуција на еден или друг начин, повеќе или помалку, имаат влијание и апликација и во сферата на материјалното производство и на самата технологија на производството. Таквите техничко-технолошки промени во материјалната сфера, во научно-технички и технолошки поглед, го иницира императивот и од осовременување на воспитно-образовните содржини во сите воспитно-образовни институции и установи, што пак, радикално ја менува и потребата од апликација на нова образовна технологија. Тоа значи внесување нови воспитно-образовни содржини и нови воспитно-образовни подрачја, што ги иницира барањата за промени на новото време и потреби, а и за оспособеноста на наставникот да ги следи најновите научно-технички и технолошко-иновативни промени, што би имале своја апликација и во примената на модерната образовна технологија во образованието и наставата.[5]

Односно, новите промени битно влијаат врз структуираноста на наставните планови и програми, со примена на иновативните тенденции и барања во процесот на образовната технологија, што е мошне значаен сегмент во наставната технологија за активно и творечко восприемање на нови знаења. Тоа пак укажува на фактот дека современото училиште треба да ги напушти рамките на традиционалното, на класичното училиште, односно да го оспособи субјектот-ученикот-учесникот непрекинато да трага по нови знаења и сознанија, ученикот да има интелектуален немир и глад за стекнување нови знаења. Тоа бара перманентно планско-програмско следење на нова содржинско-програмска ориентација, осовременета со тоа што е денешен наш, европски и светски тренд, а сé со цел за успешно вклучување во меѓународната поделба на трудот и по однос на стекнувањето на интелектуалните образовни и културни добра, потреби и барања.

- Училиштето и другите воспитно-образовни институции перманентно прават заложби за подеднаква примена и реализација на

---

[5] D-r Nikša Nikola- Šoljan, Društvo koje uči, Zavod za pedagogiju filozofskog fakulteta Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, 1979. Имено, како што може да се види во самата студија се презентирани и одредени модели и модулации за реализација и активизација на процесите на учењето и комуникациите што се мошне битни во овој процес на активност на субјектот со цел за негово активно и креативно-творечко делување.

т.н. "внатрешна"-педагошка, а и "надворешна" општествена реформа на системот на воспитанието и образованието и внатре во него на сите негови придружни сегменти, односно потсистеми на воспитанието и образованието.

- Современото училиште го иницира императивот не само на организационата поставеност, планско-програмската и курикуларна проекција и реализација, туку би рекле, истава претпоставува и одредена евалуација, валоризација на воспитно-образовните сознанија во практиката, односно колку училиштето го оспособило субјектот да може стекнатите теориски сознанија со завршувањето на училиштето практично да ги спроведе во живот во непосредната животна и образовно-комуникативна практика.

- Наведените промени на денешново училиште во рамките на задолжителното основно општо образование, бара и оспособување соодветен наставен кадар: воспитувачи, одделенски наставници и предметни наставници кои со својата умешност и ерудиција ќе можат успешно да ги оспособуваат субјектите за учење и самоучење во текот на целиот работен и животен век.

Тоа укажува на фактот дека образованието на одделенските наставници со $VI_1$ степен на ниво на педагошка академија не ги задоволува современите педагошко-дидактички и методички барања, со што се иницира потребата од подигнување степенот на образование и усовршување на овие наставнички кадри на ниво на $VII_1$ степен, како што тоа се направи во 1981 година, односно образованието на кадрите од предметната настава премина на соодветните наставнички факултети. Во рамките на овие настојувања се иницира потребата од основање посебна институција која би профилирала различни воспитно-образовни кадри и тоа за: воспитувачи во предучилишните установи, за одделенски наставници, за училишни педагози, за специјални педагози, како и оспособување и образование на предметни наставници од нематичните факултети по пат на педагошка доквалификација од временско траење на едногодишни студии. Во рамките оваа институција треба да припаѓаат наставниците по методика од соодветниот предмет, педагошките академии кои постепено треба да се интегрираат во таа институција.

Во рамките на оваа институција треба да постои и Центар за перманентно стручно и педагошко усовршување со дидактичко-методски кабинет кој треба да биде опремен со сите нормативи и стандарди. Потоа во рамките на оваа институција треба да постои и Центар за истражување на воспитанието и образованието. Покрај другото на ниво на Република треба да има и посебни вежбални за сите степени на воспитанието и образованието со избор на менторски систем од поискусни наставници и соработници кои ќе прифаќаат одредени задачи и задолженија од истражувачката и експериметнално-иновативната дејност што се реализира низ наставата. Во тој контекст би се вклучила и издавачката дејност, прирачничко-методичката и друга дејност, кога кадровски би се екипирале.

Промените во денешново училиште во Република Македонија се и како резултат на нараснатите промени што бараат и нов пристап во воспитанието и образованието , а и нов пристап и начини на делување во конкретната средина и социјално милје на комуникација.

Промените во училиштето се и резултат на промените што настануваат во севкупното општествено живеење, што претпоставува и трансформирање и иновирање на едукативните сегменти. Промените во училиштето настануваат и како резултат на одредени иновативни и современи трендови што се присутни во едукативната сфера во европски и светски релации.

Поаѓајќи од овие, а и нашите сознанија од секојдневната едукативна практика се иницираат неколку суштински прашања:

1. Европоеизација на училиштето и образованието - во смисла на организационата поставеност, планско-програмската, програмско-курикуларната, материјално-финансиската сфера, кадровската екипираност и подготвеност, организацијата, реализацијата и валоризацијата на програмско-курикуларните содржини во воспитно-образовната практика.

2. Барање за внесување на нови модели и модулација на образовно-воспитната сфера во согласност со иновативните и трансформационите трендови, а во услови на демократско-плуралните односи.

3. Демократизација на образованието и училиштето. Тоа пак од друга страна императивно ја наметнува потребата од внатрешна-педагошка реформа на училиштето во микро и макродидактичката архитектонска артикулација со цел внесување на сé што води кон прогрес и хуманизам и градење комуникативни и интерперсонални врски и односи помеѓу субјектите вклучени во воспитно-образовниот процес и пошироко.

4. Поставување нова платформа на инструктивно-педагошката дејност на училиштето. Екипирање со стручни тимови во училиштето кои перманентно ќе водат грижа за внесување модерна образовна и иновативна технологија во наставата со примена на современите модерно-технички уреди, инструменти и други учебни и нагледни средства и наставни помагала, што се основен предуслов за примена на модерната образовна технологија, а што е не само наш, туку и европски и светски тренд. Во таа насока покрај одделенските и предметните наставници, голема улога имаат и стручните тимови во училиштето: педагог, психолог, социјален работник, лекар, библиотекар и медија-текар и други кадри кои ќе бидат носители на инжинерската технологија во наставата, во училиштето и пошироко, со цел за создавање ново училиште-современо, модерно, актуелно и адаптивно на новите демократско-плурални односи.

5. Изградување нова концепција на училиштето, односно тоа не само да претставува училиште на сегашнината, туку и училиште на иднината со попрогресивни футуролошки димензии на наставната и образовната технологија, бидејќи училиштето ги подготвува идните

образовани млади генерации не само за живот денес, туку и за активни творци и креатори што ќе се вклучат во "светот на работата" некаде по десет, или петнаесет години. Тоа пак, од друга страна претпоставува во планско-програмската и курикуларна проекција на училиштето да се вклучат и нови наставни дисциплини, нови програмски содржини, што тоа на субјектот партиципиент ќе му го овозможат низ процесот на образованието, наставата и воспитувањето. Но не само низ наставата, туку училиштето треба ученикот-субјектот и воспитаникот да го оспособи за учење и самоучење во текот на целиот работен и животен век.

Оттука и перманентното образование и самообразование-перманентното учење и самоучење претставуваат футуролошки предизвик на денешното училиште, бидејќи не само технологијата во производството, туку и технологијата во образованието перманентно се наоѓа во застарување. Оттука и иновативните и трансформационите трендови на денешното училиште се перманентно актуелни и присутни во секојдневната воспитно-образовна практика. Во тој контекст и нашите заложби училиштето да одговори на современите денешни предизвици, тоа да ги следи, организира, канализира, реализира и валоризира неговите актуелни трендови, ако сакаме да се носиме со сите денешни прогресивни воспитно-образовни иновации во сите поразвиени образовни системи и процеси во развиените и високоразвиените земји и со нивните воспитно-образовни системи, а со цел за наша поголема отвореност и свртеност кон сѐ што води кон прогрес и напредок на човештвото и општеството. Впрочем овие трендови се и наш предизвик за доградба на концепцијата, функцијата и физиономијата на современото и модерно училиште кон новите предизвици и иновативно-трансформациони трендови.

Nikola PETROV

## THE SCHOOL AND THE NEW CHANGES

(S u m m a r y)

The study "The school and the new changes" makes a survey and analyses of the treatment and organization of modern school in the Republic of Macedonia. In concordance with the social changes, as well as with democratic-plural changes and those in the sphere of the educational system and technology, this school has reached the crossroads in its transformation and innovation and in keeping steps with the European and worldwide educational systems and trends. In this sensethis study makes a survey of the basic elements of the system and sub-systems, and about the possible ways of transforming and redefining the educational tasks and aims. It also includes the

wayssof redefining the democraticallity, as well as programmatic and structural organizational position and engagement of the subjects in the sphere of education. It is also important to emphasize the mutual respect and collaboration of the factors mentioned above together with the teachers as educational instructors and masters of the creative and teaching processes, persons who valorize and estimate the achievements and supervise the permanent education of the teaching stuff.

These principals lay the foundations for the engagement of all social subjects, educational and scientific institucions, citizens and other factors willing to change the school, actualize it and enable it to meet the challenges of the XXI century.

ЛИТЕРАТУРА


1. Воспитанието и образованието во Македонија "Просветно дело", Скопје, 1985.

2. Главишки, З, Битне одлике и тенденције у модернизовању образовно-васпитне делатности у неким страним земљама, "Настава и васпитање", Бгд. 2/73.

3. Крнета, Љ. Проблеми реформе осовне школе, "Настава и васпитање", Бгд, 9-10/65.

4. Koljka, A. Promjena u našem odgojno-obrazovnom sistemu i svijet, "Pedagoški rad ", Zagreb, 2/90.

5. Лекић, М., Припремање наставника разредне наставе у систему перманентног образовања и васпитања, "Настава и васпитање ", Бгд., 5/78.

6.Научно-технолошкиот прогрес во функција на педагошкото творештво,"Просветно дело", Скопје, 1992.

7. Општествено - демократските промени и нивното влијание во сферата на воспитанието и образованието "Просветно дело " , Скопје, 1992.

8. Петров, Н., Педагошкото творештво и оспособувањето на воспитно-образовните кадри, "Просветно дело ", Скопје 3/90.

9. Пивац, Ј., Систем на воспитание и образование за општество кое учи, " Просветно дело " , Скопје , 9 - 10/87.

10. Pregrad, Zl., Značajna delatnost na unapređivanju naše osnovne škole " Pedagoški rad ", Zagreb, 5-6/72.

11. Puževski, V., Prema suvremenijim organizacijskim rješenjima u osnovnoj školi "Pedagoški rad " , Zagreb, 5-6/72.

12. Самоловчев, Б., Савремени текови у образовању одраслих, НИРО "Мисао", Нови Сад, 1987.

13. Савремени проблеми предшколског васпитања, СПДЈ. Бгд., 1969.

14. Stevanović, M., Ravnatelj/ direktor i pedagog u vrtiću i školi, "Promograf ", Pula, 1992.

15. Furlan, Iv., Kako doći do modela "škole budućnosti ", "Pedagoški rad", Zagreb, 9-10/68.